Јавно претпријатие Колекторски Систем
Ndërmarrja publike Sistemi i Kolektorit

Бр./Nr. 04-157/5
10.03 2021 год./vit.

Врз основа на член 23 од Статутот на ЈП Колекторски систем - Скопје и член 37-н и 37-њ од Законот за јавните претпријатија ( Службен весник на Република Македонија бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 ), а во согласност со Конечната ранг листа и Предлогот за избор на кандидат за унапредување од Комисијата за спроведување на постапка за унапредување бр. 04-157/4 од 09.03.2021 година, В.Д.Директорот на ЈП Колекторски систем - Скопје, донесе

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат по Интерен оглас број 01/2021 за унапредување на давател на јавна услуга во ЈП Колекторски систем - Скопје

1. Кандидатот **Русески Петре**, по пат на интерен оглас број 01/2021, 04-157/2 од 04.03.2021 година се избира за **Раководител на одделение за припрема и инвестиции,** со шифра **КДР 0305 А03 058** во Одделение за припрема и инвестиции во Сектор за пречистување и одведување отпадни води (одвод).
2. Изборот е извршен врз основа на Конечна ранг листа на кандидатот и Предлог за избор на прворангираниот кандидат заведена под број 04-157/4 од 09.03.2021 година, по Интерен оглас бр.01/2021, 04-157/2 од 04.03.2021 година.
3. Именуван-иот/ата ќе биде унапреден/а на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

В.Д. Директорот на ЈП Колекторски систем - Скопје достави Барање за започнување на постапка за објавување на интерен оглас бр. 04-157/1 од 04.03.2021 година. Врз основа на Барањето од В.Д.Директорот, Одделението за човечки ресурси ја започна постапката и објави интерен оглас бр. 01/2021, 04-157/2 на ден 04.03.2021 година, за унапредување на Давател на јавна услуга во ЈП Колекторски систем – Скопје за 1 (еден) извршител. Огласот беше објавен на веб страната на ЈП Колекторски систем - Скопје и на огласната табла во просториите на ЈП Колекторски систем - Скопје. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на давател на јавна услуга, В.Д.Директорот на ЈП Колекторски систем - Скопје со Решение број 04-158/1 од 04.03.2021 година формираше Комисија за спроведување на постапка за унапредување на давател на јавна услуга, која по завршување на роковите за пријавување по Интерниот оглас бр. 01/2021, 04-157/2 од 04.03.2021 година изврши проверка на веродостојноста на документите приложени со Пријавата за унапредување на работно место **Раководител на одделение за припрема и инвестиции** во ЈП Колекторски систем - Скопје, а В.Д. Директорот на ЈП Колекторски систем - Скопје спроведе Интервју со прворангираниот кандидат кој ги исполнува условите предвидени согласно Законот за јавните претпријатија и Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Колекторски систем - Скопје бр. 02-20/12 од 06.02.2020 година. Комисијата за спроведување на постапка за унапредување изготви Конечна ранг листа на интервјуираниот кандидат со Предлог за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас број 01/2021 со архивски број 04-157/4 од 09.03.2021 година. Врз основа на ранг листата В.Д. Директорот на ЈП Колекторски систем - Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

По конечноста на оваа Одлука, В.Д.Директорот на ЈП Колекторски систем - Скопје ќе донесе Решение за унапредување на именуваната и ќе склучи нов променет договор за вработување.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Управниот одбор на ЈП Колекторски систем - Скопје во рок од **8 дена** од денот на објавување на Одлуката на веб страницата на ЈП Колекторски систем - Скопје.

**Доставено до:**
- Именуваната,
- Одделение за човечки ресурси
- Архива

**ЈП Колекторски систем - Скопје**
**В.Д.Директор,**
**Владимир Алексијоски**

Јавно претпријатие КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ Ndërmarrja publike SISTEMI I KOLEKTORIT (2) СКОПЈЕ * SHKUP